**Платформата на граѓански организации за борба против корупција** упати допис до членовите на Комисјата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија со кој **ги повика** да донесат Заклучок и на Собранието ќе му предложат да не го усвои **Годишниот извештај за работа на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК)** во 2016 г. Платформата побара Годишниот извештај **да се врати на дополнување**.

Платформата на граѓански организации за борба против корупција смета дека овој документ **не дава сеопфатна слика за активностите кои биле или не биле преземени во 2016 г.** , Како поткрепа на овие тврдења се истакнуваат податоците објавени во Кварталниот извештај бр. 1 од следењето на работата на ДКСК во периодот од октомври до декември 2016 г., којшто го подготви Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) и податоците што редовно ги собира Транспаренси Интернешнл – Македонија.

Една од клучните забелешки е недостатокот на информации за предметот **со кој ДКСК побарала надлежно постапување од Јавното обвинителство на Република Македонија, Управата за јавни приходи (УЈП) и Управата за финансиско разузнавање против 21 здружение и фондација и една политичка партија**. Покрај тоа, се забележува и **различен пристап во презентирањето и деталност на податоците** во врска со отворените предмети.

Членките на Платформата сметаат дека **ДКСК во 2016 г. има потфрлено во**

**спроведување на надлежностите поврзани со спроведувањето на Законот за заштита на укажувачите**. Уште една област за која имаат забелешки се однесува на **базата на податоци со анкетни листови достапна на веб страната на ДКСК**. **Таму, според Платформата, недостасуваат анкетните листови на одредени избрани и именувани лица, а кај некои има очигледни недоследности**.

Од собраниската Комисија е побарано да се организира поширока дискусија за ефикасноста, ефективноста и неселективноста на остварувањата на законските надлежностите на ДКСК, со присуство на експертска јавност и граѓанскиот сектор.

Овде можете да го погледнете **целиот текст на барањето** .